Врз основа на член 29 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15 и 30/16), во врска со член 3 став 1 алинеја 29 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), заменик директорот на Државниот испитен центар донесе:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 02-258/1
07.05. 2018 год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

### *за изменување и дополнување на Одлуката утврдување на висината на трошоците за полагање на испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење*

1. Во Одлуката за утврдување на висината на трошоците за полагање на испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење бр.02-124/4 од 04.04.2017 година, броевите ***„1.200,00 денари“***, се заменуваат со броевите „***2.000,00 денари“.***

2. Броевите ***„3.000,00 денари“***, се заменуваат со броевите „***4.500,00 денари“.***

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува за полагањата од јунската испитна сесија.

*О б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на член 29 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, трошоците за полагање на испитот за директор, се на товар на кандидатот.

Висината на надоместокот ја определува директорот на Државниот испитен центар врз основа на реално направените трошоци за полагањето на испитот.

Имајќи го ова предвид, директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР

*д-р Елвин Хасан*

**Одлуката е доставена до:**
-Архивата на ДИЦ
-Одделението за финансиски прашања
-Одделението за нормативно-правни
и административни работи

**Изготвил:** Марија Најдеска